**20230320570**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 42 став (2) од Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14,154/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 150/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГ ВО ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО, ПРЕРАБОТКАТА, СКЛАДИРАЊЕТО, ДИСТРИБУЦИЈАТА, УПОТРЕБАТА И СООБРАЗНОСТА НА ЃУБРИЊАТА, БИОСТИМУЛАТОРИТЕ И ПОДОБРУВАЧИТЕ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА, КАКО И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЃУБРИЊАТА, БИОСТИМУЛАТОРИТЕ И ПОДОБРУВАЧИТЕ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА ЗА 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма се спроведува мониторинг на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитет на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, односно се утврдуваат износите на средства за спроведување на активностите, видовите на мониторинг, видовите и типовите на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, вкупниот број на мостри за временскиот период на реализација на активностите и субјектите кои ќе ја спроведуваат оваа програма.

II

Средствата за реализација на оваа програма во износ од 398.160,00 денари се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 годнина, Раздел 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 - Заштита на растенијата и семе и саден материјал, Потпрограма 51 - Заштита на растенијата, ставка 46 - Субвенции и траснфери, подставка 464- Разни трансфери, сметка 637.

III

Средствата утврдени во дел II од оваа програма ќе се користат за:

1. Мониторинг на производство на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата во износ од 97.410,00 денари; и
2. Мониторинг при внатрешен промет на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, кој опфаќа земање на мостри од неоргански и органски ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и исполнување на квалитетот и сообразноста на компоненти со декларираните податоци во износ од 300.750,00 денари.

Вкупниот број на мостри кои ќе бидат земени и анализирани изнесува 82 мостри.

IV

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| **тип на ѓубре** | **вкупен број на мостри** | **цена на единечна мостра со вклучен ДДВ (18%) во денари** | **планирани средства од буџетот (денари)** |
|---|---|---|---|
| еднокомпонентни неоргански ѓубриња (еден елемент) | 2 | 2.950,00 | 5.900,00 |
| двокомпонентни неоргански ѓубриња (два елементи) | 2 | 4.130,00 | 8.260,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубриња (три елементи N + P + K) | 5 | 4.720,00 | 23.600,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на еден секундарен макроелемент или микроелемент | 1 | 5.220,00 | 5.220,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на четири секундарни макроелементи или микроелементи | 3 | 6.720,00 | 20.160,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на шест секундарни макроелементи или микроелементи | 1 | 7.720,00 | 7.720,00 |
| органски ѓубриња | 5 | 5.310,00 | 26.550,00 |
| **Вкупно** | **19** | | **97.410,00** |

V

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| **тип на ѓубре** | **вкупен број на мостри** | **цена на единечна мостра со вклучен ДДВ (18%) во денари** | **планирани средства од буџетот (денари)** |
|---|---|---|---|
| еднокомпонентни неоргански ѓубриња (еден елемент) | 10 | 2.950,00 | 29.500,00 |
| двокомпонентни неоргански ѓубриња (два елементи) | 15 | 4.130,00 | 61.950,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубриња (три елементи N + P + K) | 10 | 4.720,00 | 47.720,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на еден секундарен макроелемент или микроелемент | 5 | 5.220,00 | 26.100,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на два секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 5.660,00 | 28.300,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на три секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 6.220,00 | 31.100,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на четири секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 6.720,00 | 33.600,00 |
| органски ѓубриња | 8 | 5.310,00 | 42.480,00 |
| **Вкупно** | **63** | | **300.750,00** |

VI

За реализација на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа.

Спроведувањето на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата ја координира Фитосанитарната управа, мострите ги земаат државните инспектори за земјоделство, а лабораториските анализи ги спроведуваат акредитирани лаборатории во Република Северна Македонија.

VII

Средствата од деловите IV и V од оваа програма ќе се исплаќаат врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по претходно доставен извештај за спроведените активности.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1376/6
7 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.